**ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Помошник раководител на Сектор за заштита на животната средина

# ПРЕДЛОГ О Д Л У К А
## за утврдување потреба од поставување мерна станица За контрола на квалитетот на воздухот во Скопје

**Скопје, февруари 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) Советот на Град Скопје на ................седница одржана на ...... февруари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување потреба од поставување мерна станица**
**за контрола на квалитетот на воздухот во Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Град Скопје ја утврдува потребата од набавка и поставување мерна станица за контрола на квалитетот на воздухот во Скопје, во непосредна близина на фабриката „ТИТАН Цементарница Усје„ АД Скопје.

**Член 2**

Средставата за набавка и поставување на мерна станица за квалитетот на воздухот во Скопје се предвидени со Буџетот на Град Скопје за 2023 година, Програма RA0, Ставка 480, Подставка 480190.

**Член 3**

Постапката за набавка и поставување на мерна станица за квалитетот на воздухот во Скопје ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

**Број 27- ............**
**........ 02.2023 година**
**С к о п ј е**

**Претседател**
**на Советот на Град Скопје**
**Трајко Славески**

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа предлог одлука е член 36 од Законот залокалната самоуправа со кој се утврдува надлежноста на Советот на Град Скопје на планот на донесување одлуки од негова надлежност.

Советничката група на партијата Левица во Советот на Град Скопје до претседателот на Советот поднесе Иницијатива за поставување мерна станица за контрола на квалитетот на воздухот во непосредна близина на фабриката „ТИТАН Цементарница Усје„ АД Скопје, во Општина Кисела Вода, Бул.„БорисТрајковски“ бр.94, Скопје.

Во образложението кон Иницијативата се наведува фактот дека граѓаните на град Скопје секоја година, посебно во зимскиот период, се соочуваат со енормни загадувања на воздухот што предизвикува сериозни последици по нивното здравје. Со реализација на ваквата Иницијатива ќе се добие можност континуирано, јавно и транспарентно да се следи амбиентот и квалитетот на воздухот околу овој индустриски капацитет, кој како што покажаа и резултатите од последните две вонредни контроли извршени од страна на Државниот инспекторат за животна средина и Сектор – Инспекторат на Град Скопје, работата на овој индустриски објект испушта во воздухот ПМ-10 честици многу повеќе од дозволеното. Преку секојдневен увид во влијанието на амбиентот на воздухот од работата на Цементарница Усје, ќе се овозможи навремена реакција во насока на превенција на штетните ефекти и подигање на свеста на жителите на град Скопје што ќе го зголеми и јавниот притисок кон правните субјекти, кои го загадуваат воздухот во Скопје.

Согласно член 115 став (2) од Деловникот на Советот на Град Скопје, претседателот на Советот Иницијативата ја достави до Градоналаникот на Град Скопје заради негово произнесување, односно давање мислење.Во контекст на одредбите од Деловникот на Советот на град Скопје а по однос на поднесената Иницијатива, Градоначалникот на Град Скопје позитивно се произнесе по причините и потребата од реализација на истата и ја достави до надлежниот сектор во Град Скопје за изготвување соодветна предлог-одлука.

Со поднесената предлог одлуката се утврдува потребата од поставување на мерна станица за мерење на квалитетот на воздухот во реонот на Цементарницата Усје, на подрачјето на Општината Кисела Вода. По донесувањето на оваа предлог одлука ќе се пристапи кон реализација на истата на начин и постапка согласно Законот за јавните набавки. Истовремено со Планот за јавни набавки за 2023 година предвидена е набавка на мерни станици, а во Буџетот на Град Скопје за 2023 година обезбедени се финансиски средства за оваа намена.

На овој начин исполнети се сите претпоставки за имплеметирање на поднесената Иницијатива заради што се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за утврдување потреба од поставување на мерна станица за контрола на квалитетот на воздухот во Скопје.